ФПИОСМ
FSPIMV
ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
FONDI I SIGURIMIT PENSIONAL DHE INVALIDOR I MAQEDONISË SË VERIUT
Улица „23 Октомври" бр. 11, 1000 Скопје Тел: (02) 3250 100; Емаил: info@piom.com.mk
Rruga "23 Oktomvri" nr. 11, 1000 Shkup Tel: (02) 3250 100; Email: info@piom.com.mk

Бр. 04-74/4
Скопје, 17.01.2023 г.

Врз основа на член 161 Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на РМ" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16 132/16, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20 и 67/22), член 52 став 3 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ" 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), в.д. директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, донесе

# О Д Л У К А

## за невршење на избор на административен службеник по Интерен оглас број 04/2022

За работното место **1.ФПО0102Б02004, Раководител на Филијала Скопје – Филијала Скопје, не се врши избор на извршител.**

Оваа Одлука ќе се објави на интернет страницата Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Постапувајќи согласно Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ" 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2015 и 35/2018)., Комисијата за селекција за унапредување, во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен

службеник за извршување на работите од точка 1 на диспозитивот на оваа Одлука, по објавување на интерниот оглас бр.04/2022, на интернет страната на Агенцијата за администрација и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, спроведе постапка за проверка на веродостојноста на доказите и интервју и изврши бодирање на кандидатите.

По спроведената проверка на веродостојноста на доказите, Комисијата утврди дека единствениот пријавен кандидат за ова работнио место – **Мујадин Љоки**, не ги исполнува условите за ова работно место.
За ова работно место, согласно законските прописи и актот за систематизација еден од условите кои треба да ги исполнува кандидатот е да има **најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор**, додека пријавениот кандидат не го исполнува овој услов.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука е дозволена жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, преку Фондот на ПИОСМ до Агенцијата за администрација.

В.Д. ДИ Р Е К Т О Р
**Dritan Bexheti**

Изработил: Стручен соработник-А.Силјановска
Контролирал: Раководител на одделение- A.Rexhepi
Согласен: Директор на сектор-F.Mehmed